Друштво за обезбедување на имот и лица
ПАНТХЕРА ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 03-881/1
06.09. 2019 год.
Велес

Бр. 05-500/14
06.09. 2019 год.
ВЕЛЕС

# ДОГОВОР
## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА УСЛУГИ
## ФИЗИЧКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ

Olivera Kocevska

Digitally signed by Olivera Kocevska
DN: O=OSU Jovce Teslickov, C=MK, E=usojtv@yahoo.com, SN=Kocevska, G=Olivera, CN=Olivera Kocevska
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2020-08-17 10:47:28
Foxit Reader Version: 9.0.0

Склучен на ден **06.09.2019** година помеѓу следните:

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ

- **Општинско средно училиште „Јовче Теслчичков„ Велес**, ул. Кукушка бр.37, Велес-РМ, застапувано од Директорот на ОСУ „Јовче Тесличков„ Оливера Коцевска (во понатамошниот текст **Набавувач**) од една страна,

и

- **Друштво за обезбедување на имот и лица ПАНТХЕРА ДООЕЛ експорт-импорт Велес од Велес,** ул. 8ми Септември бр.57,1400 Велес, застапувано од Драгана Настова во понатамошниот текст како **Носител на набавката - Добавувач** од друга страна.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е сукцесивна јавна набавка на услуги **ФИЗИЧКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ за потребите на ОСУ „Јовче Тесличков„ Велес**. Постапката е спроведена со Оглас бр. 06110/2019 преку електронскиот системот за Јавни Набавки од 14.09.2018, односно измена на огласот од 14.08.2019 г.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредноста на услугите од член 1 од овој Договор изнесува **92.655,00** денари без ДДВ, односно **109.332,90** со вклучен ДДВ за вкупно 290 ученици, врз основа на единечните цени дадени во спецификацијата на понудата. За деновите во месец Јануари 2020 и Јуни 2020 година вредноста на услугата се одредува според бројот на работните денови.

Цената по ученик утврдена во овој договор е фиксна и непроменлива за целото времетраење на договорот.

## СКЛУЧУВАЊЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Договорот се смета за склучен од моментот на неговото потпишување од двете договрни страни. Времетраењето на Договорот е за период од **06.09.2019** до **10.06.2020** година.

## НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ:

**Член 4**

Плаќањето на цената од член 2 на овој Договор, ќе се врши вирмански во рок од 60 (шеесет) дена по претходно доставена финансиска документација (фактура) за износот за испорачаните услуги.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 5**

Носителот на набавката се обврзува да ја извршува услугата опишани во член 1 на овој Договор, по рок и динамика утврден во член 8 од овој Договор.

**Член 6**

Носителот на набавката се обврзува дека договорената услуга ќе ја извршува со одреден квалитет, кој е претходно утврден..

## ОБВРСКИ НА НАБАВУВАЧОТ

**Член 7**

Набавувачот се обврзува плаќањето ќе го врши по претходно доставена финансиска документација (фактура) за целиот утврден износ во рок утврден во член 2.

## РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ

**Член 8**

Рокот на извршување на услугите кои се предемт на Договорот, е со важност од 06.09.2019 год. до 10.06.2020 год.

**Член 9**

Договорните страни се согласни дека во случај кога Носителот на набавката нема да ги изврши услугите во рокот определен во член 8 од овој договор па заради тоа падне во задоцнување, истиот е должен да му плати на Набавувачот договорна казна во висина од 0,5% од вкупната цена определена во член 2 од овој Договор за секој ден на доцнењето.

Договорната казна не може да надмине 5% од вкупната цена определена со член 2 од овој договор.

## ГАРАНЦИЈА И КВАЛИТЕТОТ НА ИЗВРШЕНИТЕ УСЛУГИ

**Член 10**

Носителот на набавката го гарантира квалитетот извршената услуга во согласност со важечките нормите и стандардите за ваков вид на услуги и дека во времето на извршување на поставените услуги, истите се во согласност со договорот и дека немаат мани што ја оневозможуваат нивната подобност, односно, за употребата определена со договорот.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 11**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска или нема да се придржува кон утврдениот квалитет, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или во спротивно да го раскине Договорот.

**Член 12**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа писмено да ја извести другата договорна страна во рок од 30 дена.

**Член 13**

Со писменото известување се смета дека Договорот е еднострано раскинат.

По раскинувањето на Договорот, странките се должни да ги измират настанатите обврски до раскинувањето на Договорот.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 14**

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одрдебите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување на должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој Договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Анекс ма Договорот.

Дополнувањето и измените на овој Договор се важечки, ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.

За се што не е регулирано со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

**Член 15**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, во духот на взаемна соработка и добрите деловни односи, ќе ги решава надлежниот суд во Велес.

**Член 16**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА
Друштво за обезбедување на имот и лица
ПАНТХЕРА ДООЕЛ експорт-импорт Велес
Управител

Драгана Настова

НАБАВУВАЧ
ОСУ „Јовче Тесличков„ Велес
Директор

Оливера Коцевска

ПРИЛОГ кон Договорот

## НАБАВКА НА УСЛУГИ – ФИЗИЧКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ

| СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА ЦЕНА НА ЧИНЕЊЕ НА ФИЗИЧКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПО УЧЕНИК | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЦЕНА ПО УЧЕНИК** | | | | | | |
| Р.бр | Опис | количи на | вкупна един. цена | ДДВ | Вкупна единечна цена (4+5) | вкупна цена (3*6) |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** |
| 1 | **Цена на услугата по ученик за цела година** | **290** | **319,50** | **57,51** | **377,01 ден.** | **109.332,00** |

Место и датум

_______________________

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА
Друштво за обезбедување на имот и лица
ПАНТХЕРА ДООЕЛ експорт-импорт Велес
Управител

_______________________
Драгана Настова

Друштво за обезбедување на имот и лица ПАНТХЕРА ДООЕЛ експорт-импорт Велес